**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осмото продолжение на Сто и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 март 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,41 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците кои се уште не влегле во салата, а се наоѓаат во зградата на Собранието, да повелат да влезат во салата, да ги завземат своите места, за да можеме да започнеме со работа.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Продолжуваме со работа по 104-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Лазар Китановски, Владо Бучковски, Гоце Марковски, Љубчо Георгиевски, Фијат Цаноски, Радмила Шекеринска, Али Ахмети, Мендух Тачи, Арбен Џафери и Бесим Догани ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 64 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Предлог за донесување на закон за поттикнување и помагање на технолошкиот развој, со Предлог на закон**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Претресот по амандманот на член 3 за додавање нова алинеја 7 по алинејата 6 и за додавање нова алинеја по алинејата 10, поднесен од пратеникот Славица Грковска е заклучен.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, за гласале 8, воздржани нема, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 алинеја 4, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер.

Повелете, господин Лазарев.

**Јован Лазарев:** Овде се предлага промена во една алинеја, мониторинг на имплементацијата на проектите и програмите заради оценка на оправданост на финансирањето на проектите и програмите, зборот "мониторинг", да се замени со зборовите " експертско следење". Цениме дека зборот "мониторинт" е поширок како поим и го содржи во себе експертско следење, но обратно не, па од тие причини не го прифаќаме овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави госпоѓица Славица Грковска.

Повелете имате збор.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Јас го прифаќам образложението на заменик министерот и го повлекувам амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2 за додавање нова алинеја пред алинејата 1, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер.

**Јован Лазаров:** Прво, благодарам за добрата соработка. Овој амандман нема да го прифатиме и ќе кажам зошто.

Се предлага Комисијата за технолошки развој која е советодавно тело на министерот, значи зборува советодавно тело, со амандманот се предлага една нова алинеја во која што се вели: "Води преглед на резултатите на трансферот на научните достигнувања во практиката". Бидејќи тоа е советодавно тело на министерот, тоа не може да води преглед. Прегледот се води, но ќе го води администрацијата во Министерството.

Од тие причини Владата не го прифаќа овој амандман и би замолил во духот на добра соработка пратеничката да го повлече својот амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави госпоѓица Славица Грковска.

Повелете госпоѓице Грковска имате збор.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, колеги и колешки пратеници,

За мене беше важно да се води евиденција на трансферот на научните достигнувања. Јас не ја знаев која е намерата на Министерството, сметав дека тоа треба да го прави Комисијата или треба да постои некој кој што ќе биде одговорен за тоа. Ако заменик министерот ме уверува дека тоа ќе биде така, јас го прифаќам образложението и го повлекувам амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 2 за додавање нова алинеја по алинејата 5, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Јован Лазарев:** Благодарам претседателе.

Овде исто се однесува амандман за член 9 кој што се однесува за Комисија за технолошки развој, да повторам уште еднаш, таа е советодавно тело на министерот и се предлага во амандманот таа да врши евалуација на оценетите предлог-проекти од страна на експерите и да дава предлози и препораки до министерот за избор на проекти кои ќе бидат финансирани од страна на МОН. Комисијата не може да врши евалуација. Евалуацијата ќе ја вршат експерите, а таа само може да дава предлози, што е и содржано во основниот член 9.

Од тие причини овој амандман не го прифаќаме.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам претседателе.

Почитиуван заменик министер, во членот 11 е дефинирано дека за оценување на Предлог-проекти и предлог програма Министерството ангажира научни и стручни експерти, по двајца доктори на науки од соодветната област. Експерите за оценка на предлог проектот и предлог програмата се избираат од базата на податоци што се води во Министерството во согласност со Законот за научно истражувачка дејност.

Член 12 “ Министерството и ангажираните експерти од член 11 на овој Закон се должни да постапуваат согласно со прописите за класифицирани информации”. Тоа и досега беше. И, што се случуваше. Значи, сите ние кои сме во базата на податоци ќе добиевме предлози за да извршиме евалуација на предлог развоен проект. Ние тоа ќе го направиме 95%, знаете и самите, од евалуираните предлози добиваат позитивна преодна оценка. Министерот добива една листа на позитивните и сега субјективизмот е максимален. Министерот треба од тие 300 предлози да избере 50. Најчесто тоа оди по странично ургирање и најчесто предизвикува незадоволство кај голем дел на научноистражувачките работници, бидејќи известувањето за прифатените развојни проекти не дава конкретен одговор по кој критериум тие не се избрани. Во некои варијанти се дава некое образложение дека не се до крај позитивно оценетети сите аспекти на издржаност на предлог на развојниот проект, а сите знаеме дека не е така.

Сега, во членот 10 формирате комисија за технолошки развој која што е составена од претседател, два члена кои се со наставно научни звања од областа на техничко технолошкиот развој и два члена од субјектите на технолошкиот развој, значи се на некое експертско ниво. Јас предлагам таа Комисија која ќе ја добие листата на анонимно рецензираните предлози на развојни трудови да ги систематизира евалуацијата и не преоценка на издржаност на проектите, туку да ги систематизира по области. Да не се случи министерот од 300 предлози да прифати 30 од хемија или од рударство, а од машинство или од електро ниеден.

Да даде еден предлог за порамномерна распределба на предложените развојни проекти од секоја научна област да биде застапен по еден или двајца, да се нема чувство дека некоја научна област е пофаворизирана од субјективни и објективни околности визави другата. Значи да има некоја систематизираност. Советодавноста е почитувана и е оставена, значи таа само му дава предлог на министерот, му помага подетално да се систематизираат одредени граники. Конечната одлука сепак повторно ја носи министерот, во која што му се дава одредена помош. Јас мислам дека ова е во функција за олеснување на работата на министерот и во крајна линија неговата совест да биде почиста дека сепак некое советодавно тело кое што се формирално за таа функција помогнало тој да даде поправично решение. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има господинот заменик министер за образование, повелете.

**Јован Лазарев:** Го прифаќаме образложението и го прифаќаме амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа образложението, според тоа го прифаќа и амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 2, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Јован Лазарев:** Овој амандман е повеќе граматички и не го прифаќаме.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван заменик министер, не е граматички, бидејки од правен аспект може да предизвика дилеми.

За мнозинството пратеници да појаснам за што станува збор. Тој е од техничка природа, ама може да биде и од суштинска природа. Во членот 10 стои вака: Комисијата е составена од 5 члена, претседател, ( запирка), два члена кои се со наставно-научни или научни звања од областа на техничко-технолошките науки и два члена од субјектите на технолошкиот развој.

Јас предлагам да има во амандманот претседател и два члена, значи додавам наместо запирката “и”. Што се подразбира под тоа? Од овие 5 члена тројца да бидат со наставно-научни или научни звања, значи и претседателот да биде со наставно-научни или научни звања. Вака може да се подразбира дека не мора да биде со наставно-научно звање, бидејки граматички значи

два члена кои се со наставно-научни или научни звања, претседателот, тука е ставена запирка, и не мора да биде. Така многу ќе го толкуваат, значи добронамерно или недобронамерно и мислам дека идеата на предлагачот била и претседателот да биде во научно звање. Ако е така, тогаш треба да го прифатите амандманот и да биде се во ред и граматички. Јас мислам дека тука има поквалификувани луѓе кои можат да помогнат да се прецизира од граматично технички аспект. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Колешки и колеги пратеници, мислам дека треба овој амандман да го прифатите до колку заменик министерот не се предомисли, заради тоа што навистина ќе остави простор за различни толкувања. Јас не би сакала да верувам дека тенденцијата на ова решение кое што е предложено е злонамерна и дека се има намера како претседател на Комисијата за технолошки развој која треба да биде советодавно тело на министерот се планира да биде лице кое е блиско до министерот и кое треба да спроведува одредена партиска политика. Не споменувам партии, заради тоа што ваквото решение може да важи за било која политичка гарнитура на власт, меѓутоа, ваквото решение ќе остави простор за политизација на решението за претседател на Комисијата за технолошки развој.

Мислам дека ќе се согласите дека имаме доволно добри причини да веруваме дека тоа е така заради решенијата кои произлегоа од ова Министерство, а кои се однесуваа на Законот за високо образование и начинот на кој се предлага и на кој веќе ќе се бира ректор, декан на факултетите и огромната можност за политизација на изборот на ректор, деканите, стручните соработници во високото образование. Заради тоа, заради таквата намера што веќе ја реализира владеачкото мнозинство преку Законот за високо образование ни дава за право да сметаме дека вака станување на двосмислени решенија остава простор за политизација и на ова советодавно тело кое најмалку би требало да биде партиски обоено. Напротив, Комисијата за технолошки развој треба да биде советодавно тело на министерот составено исклучиво од стручни лица кои ќе бидат компетентни и кои нема да одат во прилог на исполнување на партиските желби на премиерот или на министерот за образование туку реално и објективно ќе ги проценува состојбите и ќе го советува, ќе му дава такви совети на министерот.

Затоа сметам дека најмалку е тахнички аспект на амандманот, туку многу повеќе суштински и затоа апелирам прво да заменик министерот да се предомисли уште еднаш, до колку не, апелирам до парламентарното мнозинство да го прифати заради тоа што на таков начин во суштина нема да се изгуби тенденцијата сите да бидат научни соработници, туку напротив ќе ја напрвиме многу попрецизна и ќе ги избришеме сите можности за манипулација со ваквите решенија за составот на Комисијата за технолошки развој. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 15, воздржано нема, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 2, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Јован Лазарев:** Благодарам претседателе.

Овде се предлага зборот "два" да се замени со зборот "три". Што значи всушност тоа? Комисијата за технолошки развој предложено е да брои 5 члена. Со овој предлог до колку се прифати Комисијата би броела 6 члена. Не е вообичаено да имаме Комисија од парен број, секогаш се оди на непарен број заради евентуални гласања и од тие причини цениме дкеа бројот 5 односно Комисијата за технолошки развој да брои 5 члена е сосема доволно, едно мало оперативно тело кое успешно ќе ја извршува работата. Во оние амандмани што ги прифативме кажаме што тоа ќе работи.

Од тие причини Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандмна.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Господине заменик министер, грешка сте. Прочитајте го добро амандманот, на две места има два члена. Значи јас предлагам да се зголеми три члена од наставно-научни или научни звања, два члена кои се со наставно-научни или научни звања од обласа на технолошките науки и три члена од субјектите на технолошки развој. Значи Комисија не од 6 члена туку од 7 члена, значи претседател и по три члена од едната и од другата област заради проста причина штопокомпетентно и постручно ќе се произнесува по предлозите на развојните проекти, за она за кое претходно се убедувавме и вие го прифативте. Подобро би било до колку малку поширок состав одлучува за овие важни работи. Тоа беше моето мислење. Мислам дека водев сметка дека треба да биде непарен број.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, за гласале 14, воздржано 1, против 50.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 став 2 поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Валдата да се произнесе.

Има збор господинот заменик минситер, повелете.

**Јован Лазарев:** И овој амандман Владата не го прифаќа, од причини што се предлага наместо членови од областа на техничко-технолошките науки да стои од областа на природно математичките и техничко-технолошките науки. Не можеме да го прифатиме, бидејки ова е закон кој има за цел да го развие техничко-технолошкиот развој на Република Македонија, а до сега од 196 проекти одобрени од оваа област само 4 се од област ана природно математичките науки, така што тоа е еден занемарливо мал број за да може во Комисија од 5 члена да има и претставник од природно математичките науки. Од тие причини Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот. За збор се јави госпоѓа Славица Грковска, повелете имате збор.

**Славица Грковска:** Почитуван заменик минситер, мислам дека тоа не треба да биде аргументација која за вас ќе биде доволна да не го прифатите амандманот и да не стои можност и некој од природно математичките науки да биде член во Комисијата за технолошки развој. Се разбира дека тоа не значи дкеа ќе биде обврска, меѓутоа можност Комисијата за технолошки развој да биде составена како од научен кадар од технолошките науки, така и од научен кадар од природно математичките науки. Самиот факт дека веќе има проекти од природно математичките науки укажува на тоа дека делот на научниците од природно математичките науки даваат придонес за технолошкиот развој и мислам дека тука нема потреба од подолга елаборација. Меѓутоа, со тоа што не го прифаќате вие фактички ја ускратувате можноста на научниците од природно математичките науки да бидат членови на таа Комисија, што мислам дека не е праведно. До колку се прошири тоа не значи дека во секој состав мора да има некој од природно математичките науки, меѓутоа, ќе даде можност во некоја од сотавот на комисиите да постои и член кој што доаѓа од овие науки, што за нив ќе биде исклучително значајно. Мислам дека ви е многу рестриктивен ставот и мислам дека треба да се предомислите и да го прифатите амандмнот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 14, воздржано нема, против 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 10-а по членот 10, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Јован Лазарев:** Почитуван претседателе, овде се предлага како што рековте и вие додавање нов член 10-а, кој би гласел: Министерството основа банка на податоци за дејностите од технолошкиот развој како и за континуирана технолошка надградба на знаењето.

Во Министерството за образование и наука веќе се води база на податоци за технолошката надградба за сите научно-истражувачки работници, за сите научно-истражувачи и таа база веќе е напредната, во напредната фаза.

Од тие причини, овој амандман не би имал смисла и Владата не го прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Ако заменик министерот не уверува дека тоа е така и покрај базата на податоци на научните проекти ќе бидат содржани и податоци за дејностите на технолошкиот развој, ако се проширува капацитето базата која до сега се водеше на Универзитетот и со овој дел, тогаш јас се согласувам дека нема потреба од ваков амандман. Меѓутоа, до колку останеше тенденцијата да не постои банка на податоци за дејности од технолошкиот развој, тогаш ќе имавме сериозен проблем како држав аи тогаш ќе требаше да го прифатите амандманот. До колку политиката на Минситерството е таа постоечка база да се прошири оваа дејност, тогаш јас го прифаќам образложението и го повлекувам амандмнот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 11 за додавање нов став пред ставот 1, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Јован Лазарев:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници, овде се предлага подносителите на предлог проектот односно Предлог програмата да имаат обврска да ангажираат најмалку двајца дипломци со

најдобар просек. Ова што се предлага е добро во смисла да се ангажираат дипломци во научно-истражувачки и развојни проекти, меѓутоа тоа не може да биде законска обврска. Учесниците во проектот мора да бидат вработени и да земаат обврски спрема проектот. Утре ако нешто се случи тие треба да имаат и одговоност. Дипломците се студенти кои студираат и пред се е во нивен интерес да го завршат факултетот, да завршат испити, така што ние не можеме Да им наметнеме законска обврска на истражувачите дека мора да има двајца дипломци. Велам како појава е позитивно и таа појава треба да се негува, но не може тоа да биде законска обврска.

Од тие причини, овој амандман не го прифаќаме и ја молам пратеничката да го повлече амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Со амандманот како што кажа заменик министерот предлагам подносителите на Предлог проект односно Предлог програма за технолошка инфра структура, за технолошки развој да ангажираат најмалку двајца дипломци со најдобар просек. Сега ќе ви образложам зошто не се согласувам да го повлечам амандманот.

Прво, заради тоа што ако треба да се води сметка за ангажирање на најдобрите студенти дека тоа не треба да биде законско решение, тогаш не е ни обврска. За да биде законско решение, односно за да стане обврска има неколку сериозни причини. Нас како држава веќе со години наназад ни се случува одлив на мозоци. Нашите најдобри студенти кога се веќе при крај на студирањето најголемата приокупација им е дали ќе продолжат понатаму со усовршување на нивното знаење и во еден добар дел најчесто се одлучуваат своето образование да го продолжат во некој од светските центри и еден најдобар дел од нив воопштоне се враќаат во Република Македонија. До колку ние како држава ги користиме сите можни механизми што ги имаме да ги ангажираме најдобрите студенти да творат во Република Македонија и да им дадеме мотив и некаков изглед за нивната иднина во Република Македонија, ние нема да се соочуваме со такво сериозно одлевање на мозоци надвор од Република Македонија. Овде не се вели дека тие треба да бидат членови како составен дел од тимот кој што аплицира како проект, меѓутоа, се предлага да има како дел од проектот за кој ќе се палицира, во неговиот предлог да се содржи листа на луѓе, лица кои се ангажирани дополнително да помагаат на тимот кој што ќе биде одговорен и кој ќе понесува одговорност, значи кои ќе бидат еден вид ментори на оние дипломци кои имаат најдобар просек, а кои ќе бидат ангажирани на тој начин и ќе можат својот интелектуален потенцијал веднаш да го применуваат во вакви проекти кои што ќе придонесат за технолошки развој во Република Македонија. Во различни држави има различни решенија. Во некои од државите веднаш уште после неколку години од студирањето на студентите со најдобар просек им се дава стипендија од некои од големите компании и со тоа ги врзуваат најдобрите студенти да останат во нивните држави и да работат во компаниите извесно време. Се разбира, за тоа време компаниите инвестираат во усовршувањето на нивното знаење и на тој начин, интелектуалниот потенцијал се задржува во државите од каде што доаѓаат студентите, или дипломираните. Ние немаме таква стратегија како држава. Ние премногу препуштаме на случајот и премногу препуштаме на личниот избор на дипломираните студенти. Ние како државата треба да направиме се да ги искористиме сите можни модели да ги задржиме најдобрите студенти во Република Македонија и да инвестираме во нивното понатамошно усовршување, заради тоа што инвестирањето во нивниот потенцијал, дефакто значи инвестирање во развој на државата.

Заради тоа сметав дека треба да биде законска обврска, не како дел од оној тим кој што ќе ја носи одговорноста, туку како дел од проектот кој што ќе мора да назначи дека ќе има ангажирано и најдобри студенти, кои што ќе можат да инвестираат во нивниот понатамошен развој и на тој начин да почнат да практицираат и да учат како треба тие понатаму да се однесуваат и да можат да го пренесат својот интелектуален потенцијал понатаму во државата. Јас сум уверена дека секој најдобар студент на кој што државата Република Македонија ќе му излезе во пресрет и ќе му обезбеди услови за понатамошно творење, нема да размислува да ја напушти Република Македонија, туку ќе размислува како своето знаење да го инвестира во Република Македонија и за нејзиниот развој.

Затоа мислам дека воопшто не претставува пречка ваков амандман да се поддржи, заради тоа што на ваков начин практично ќе направиме само еден мал чекор. Велам мал чекор, не е ова комплетно решение за спречување на одливот на мозоци од Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 11, воздржано 1, против 49 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 1, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер. Повелете.

**Јован Лазарев:** Овде во член 13 став 1 се предлага да се дополни ставот, односно на крајот точката да се избрише, кој гласи: одлука за софинансирање на проектите и програмите донесува министерот врз основа на спроведената постапка за експертска оценка, се предлага и врз основа на препораките на Комисијата за технолошки развој.

Цениме дека овој амандман го подобрува текстот на овој член на Законот и од тие причини Владата го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман. Според тоа, текстот на овој амандман станува составен дел од текстот на Законот.

Отворам претрес по амандманот на член 15 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер. Повелете.

**Јован Лазарев:** Значи, овој амандман и следните неколку амандмани од истите пратеници се однесуваат на ослободување од данокот на добивка на субјектите на технолошки развој во висина на износот кој што го инвестира во остварувањето на програмата за работа. Ние во општиот претрес имавме поширока расправа. Значи, почитуваните пратеници го објаснуваа својот предлог. Ние како Влада во овој момент не можеме да го прифатиме, но, кажав јас тогаш и денеска ќе повторам дека сериозно размислуваме во областа на науката, културата и спортот да се направи едно целосно согледување и во рамките на оние закони, кои што се во даночната свера да се направи некое дополнување на тие закони, бидејќи овој амандман излегува надвор од технолошкиот развој, туку се однесува на даночната свера, од тие причини овој амандман и другите што следуваат, не можеме да ги прифатиме, односно Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. Занчи, сега за сега ќе се задржиме само на овој амандман. Овој амандман Владата не го прифаќа.

Господинот Тале Герамитчиоски има збор. Повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитувани колеги од парламентарното мнозинство, намерно излегов на бината да објаснам. Ова е клучно нешто за кое што во неофицијални, неврзани разговори со претставниците од Министерството за образование и наука, заклучивме дека немаат некој мандат за да го прифатат тоа. Јас имав цело време надеж дека Владата ќе го разгледува ова прашање, бидејќи е во рамките на нејзините ингеренции. За жал, тоа не се случи во изминативе денови и последната надеж е парламентарното мнозинство.

Значи, ако добро му мислите на овој закон и законот да има смисла, јас би ве замолил да сослушате и да процените дали постои простор и место да се поддржи оваа идеа. Идеата е, значи, ова е прва форма на имплементација на технолошки развој од еден стопански субјект, кој што ќе формира истражувачко развојна единица. Во добрите стари времиња кога имавме силни стопанпски капацитети, не да имаше развојни одделенија, туку имаше развојни сектори, кои што се грижеа за подобрување на технолошкиот развој на претпријатието, на стопанскиот субјект.

Јас би ве замолил, доколку не ви е тешко, да сослушате, бидејќи ми е потребна вашата помош. Ако сакате само амблок да се гласа против, судбината на овој закон веќе се знае. Суштината е да ја подобриме формата на овој закон за која што и заменик министерот ќе каже дека е потребна помош од парламентарното мнозинство.

Значи, се предлага стопанскиот субјект, кој што сега ќе направи, ќе создаде истражувачко развојна единица, во која што ќе има програма на работа, најмалку пет вработени, од кои најмалку еден со научно звање и најмалку три магистри, простор и опрема итн. Ако има успеси за да заживее оваа форма, која што ќе биде запишана во Централниот регистар, како посебен правен субјект, мора да има пари. За да се дадат пари, од страна на стопанскиот субјект треба и државата да помогне. Ако тоа претпријатие е успешно и прикажува добивка, треба да се овозможи дел од добивката да ја инвестира во својот развој и да се поттикне од страна на Владата тоа да го направи. Јас мислам дека Владата прави огромна грешка. Значи декларативно во јавноста настапува со едни ставови со една своја доктрина за поттикнување на мали и средни претпријатија, а од друга страна кога ќе дојде конкретна реализација на вакви идеи ја нема или не се произнесува. Кога ќе се произнесе таа? Се даде доволен простор почитуван колега во првата верзија кога се повлече законот да се дебатира на владина седница. Оттогаш поминаа три месеци. Очигледно е дека Владата нема волја и нема намера да дискутира по однос на овие прашања и сериозно размислување е сега. Добивката ако се инвестира во развој кој што ќе помогне за развој на државата е сериозен чекор за давање на силна поддршка на стопанските субјекти да формираат вакви форми. Инаку кој ќе биде мотивот, еве Кратово иако почитуваниот колега не ме слуша, да направи ваква научна развојна единица. Доколку ќе му бараат пари на директорот тој нема да им даде затоа што едноставно пари за таа намена нема. Ако Владата му каже од добивката ако инвестирате во Програмата тогаш за добро е на таа стопанска организација дел од тие пари да ги реинвестира во сопствениот развој и државата ќе види корист од тоа. Мене ми е жал што министерот за финансии не ја прифатил ракавицата фрлена пред три месеци да отвори дебата на владина седница по однос на овие предлози.

Инаку, законот ќе го усвоиме, ние ќе дадеме поддршка, ќе остане мртво слово на хартија. Нема ниеден стопански субјект, ајде во другите форми факултетите ќе иницираат. Овде не е факултетот правен партнер, овде стопанскиот субјект треба да формира сам во својата структура научно-истражувачка развојна единица, истражувачка развојна единица, не научна, се извинувам, бидејќи не мора да биде поврзана директно со научната дејност може и подобрување на технолошките процеси кои што сега егзистираат во стопанската организација. Мислам дека се прави голема грешка. Дека губиме драгоцено време и шанса, можност сега конкретно да се стимулираат стопанските субјекти да започнат да ги градат повторно оние развојни единици кои што во минатото ги имаше и успешно работеа. Имаше бенефит стопанската организација од тоа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете госпоѓо Грковска, имате збор.

**Славица Грковска:** Кога дискутиравме по општиот претрес на Законот за технолошки развој, јас меѓу другото го изразив и своето негодување на односот на Владата спрема овој закон. И уште еднаш ќе повторам заради тоа што ова е еден од последните примери кога Владата се однесува така неодговорно и несериозно. Предлага закон кој што ја поминува целата собраниска процедура, доаѓа на дневен ред, го ставате на дневен ред некаде на средината или на крај за да може тешко да дојде до него. Потоа на лидерската средба се договори и се усогласи овој закон да биде еден од оние закони кои што на 3 и 4 јануари ќе ги поминеме на седница заедно со останатите закони што го носат европското знакче за наеднаш без никакво образложение Владата да го повлече законот и после извесно време да го предложи истиот со одредени амандмани, со вградени некои амандмани кои што веќе претходно сме ги поднеле во тој дел.

Значи Владата не знае да испочитува ниту наједноставен договор кој што ќе биде направен на лидерска средба помеѓу четворицата лидери, туку напротив само покажува дека се однесува самоволно, дека нема почит кон опозицијата и дека само ја злоупотребува опозицијата во оние моменти кога и треба кооперативност, кога и треба единство. Меѓутоа не чувствува обврска да застане цврсто и да го почитува договорот, туку напротив, смета дека може да бира што од тој договор ќе почитува, а што не. И, јас за тоа воопшто немав дилеми дека Владата нема да ги разгледа овие амандмани и дека нема да ги прифати заради тоа што едноставно тоа не е нејзина желба во овој момент. Заради тоа што на министерот Трајко Славески му е поважно да оди некаде на терен наместо да работи во Министерството за финансии и да ги разгледа овие амандмани кои што меѓу другото тој би требало да процени дали треба да се прифатат или не. Може да си дозволи во текот на работното време да ги откаже сите професионални обврски за да може да држи трибина во некои од градовите и селата во Република Македонија заради тоа што води предизборна кампања и затоа нема време да каже, да дојде на седница на Собранието и да се изјасни зошто за него не е прифатливо да се ослободат од ДДВ оние стопански правни субјекти кои што имаат намери и кои што сакаат да основаат истражувачка развојна единица.

Од една страна слушаме дека треба да се инвестира во Република Македонија. Од друга страна правиме се, домашните инвеститори кои што се расположени да инвестираат во Република Македонија да не можат да го прават тоа заради тоа што некој мора да има оправдание за шетање по Европа и низ светот како Ташковиќ, како Самак кои што не сме ги виделе во Република Македонија, а за кои што Владата плаќа за одржување на нивните имоти во странство и покрај укинување на одлуката од страна на Уставниот суд, само заради тоа што Владата покажува дека нема доверба во домашните инвеститори и дека треба да направи се да ги оневозможи и да бидат во понерамноправна позиција во однос на странските инвеститори кои што и покрај тешките во наводници напори на Ташковиќ и на Веле Самак и на патувачкиот караван на премиерот Груевски едноставно ги нема во Република Македонија. И бидејќи се соочуваме со таква кампања на назад 18 месеци, денеска сме во една ваква ситуација, во каква што сме, заради тоа што министерот за надворешни работи одеше да држи трибини во селото Могорче, наместо да оди во европските центри и да лобира за името, денес сме во ваква ситуација во каква што сме. Заради тоа што министерот Трајко Славески, наместо да си ги врши професионалните обврски, наместо да дојде и да каже колку тоа ќе претрпи загуби при најголемиот буџет сега во Република Македонија со ослободување од ДДВ на стопанските субјекти, кои што од данок на добивка, за да формираат истражувачко развојна единица, заради тоа што министерот за финансии држи трибина во некое село или во некој град во Република Македонија и да прави партиска кампања. Ние за тоа не ги биравме министрите. Министрите тоа можат да го прават во слободното време, кога ќе завршат со професионалните обврски, меѓутоа, не и во текот на работното време, кога ние како пратеници, кои што сме ги бирале, бараме од нив одговор, зошто, ова за Владата не е прифатливо. Зошто, 18 месеци слушаме само лицемерни изјави од страна на Владата за тоа колку сака да создаде услови за инвестирање во Република Македонија и зошто, притоа мисли само на странските инвеститори, меѓутоа, не и за создавање на услови на домашните инвеститори.

Ако парламентарното мнозинство смета дека тоа не е така, нека го прифати амандманот.

Со тоа ќе покаже дека 18 месеци немало лицемерна политика во однос на инвестирањето, туку напротив, сериозна е тенденцијата да се

создадат услови за инвестирање и за основање на развој во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Ташева имате реплика или збор? (Збор)

Повелете имате збор.

**Виолета Ташева:** Благодарам. Внимателно читајќи го амандманот на колегата и дискусиите на двајцата колеги по амандманот, јас не се согласувам од неколку причини.

Прво, законот за поттикнување и помагање на технолошки развој, првата варијанта, верзија, или воопшто носење прв пат на ваков закон е веќе 2000-та година направен, а ова денеска што го имаме, тоа е исто така, Предлог на закон, каде што се допрецизираат сите работи, што како област ја опфаќа овој закон.

Во изминатиот период, што се однесува до даночната политика кога ја водела Владата и истакнала дека данокот на добивка во 2003 година за кој тие сега силно се залагаат да се ослободат институциите кои се занимаваат со потикнување и помагање на технолошки развој, го донеле до 15%, додека персоналниот данок со последната измена во 2004 година, го донеле до вредност од 24%.

Оваа Влада уште во првата година од својот мандат воведе рамен данок во кој токму овие два данока од овие високи стапки 15 % и 24%е сведен на 12% и сега оваа година на 10%, што значи оваа Влада води сметка за даночната политика за да може токму овие субјекти да можат своите добивки да ги користат во реинвестирање, да бидат ослободени од истите и да има позитивна даночна политика со која ќе се потикнуваат за да влегуваат во вакви проекти со кои ќе има потикнување и развој.

**Љубиша Георгивски:** Благодарам.

Три минути реплика за господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Благодарам.

Со последните реченици кои што ги кажавте вие се негирате самата себеси и не давате подршка.

Точно тоа, Владата пропагира дека си ги потикнува стопанските субјекти да реинвестираат од добивката во својот развој и во развој на државата. Ако е тоа така ако е навистина заложбата на Владата таква со мирна душа ова парламентарно мнозинство треба да го прифати овој амандман и да го овозможи тоа во пракса, а не мешајте баби и жаби тоа очигледно е дека не сте имале контакти со стопанството прашајте стопанственици. Па која стопанска организација давала позитива во добивката и сите во изминатиот период за да не им се оданочува добивката давале позитивна нула во својот биланс. Сега ќе се преправаме овде и ќе водиме некои кампањи или реално ќе дискутираме како било во минатото, за да не им се зема. Ова е Република Македонија или на бившите југословенски простори сите земји тоа го правеа, ова не некоја развиена стопанска држава во која што ерес е данокот да биде контролиран. Сите не пријавуваат добивка за да не бидат оданочени или добивката ја криеја по друга основа.Еве ви признаваме дека вашата заложба сега е навистина искрена како Влада, како парламентарно мнозинство и дека треба сега да му се помогне на стопанството да ги каже сите оние позитивни ефекти кои што ги работеле, ама да му даде навистина, практичен пример на реализацијата на тие владини заложби кои што вие ги кажавте и постојано се трубат во весниците и нереинвестирање, еве реинвестирање.Ова е реинвестирање се дава програма, за таа програма стопанската организација треба да има пари за да инвестира во реализација на таа програма за подобрување на тие, тогаш Владата декалративно на дело нека покаже дека ќе им даде дел од данокот на добивка кој што ќе биде утврден да го реинвестиира во развојот на таа стопанската организација. Треба внимателно ако сакате да го навредите Социјалдемократскиот сојуз или за минатото да зборуваме тоа е во ред, јас ве сфаќам, тоа е политички. Меѓутоа тоа нема врска со сегашната состојба. Променете го тоа вие тоа ако не чинело во минататото.

**Љубиша Георгиевски**:Благодарам, повелете госпоѓа Ташева

**Виолета Ташева:** Благодарам претседателе, почитуван колега, вие очигледно сте го преспале периодот кога оваа Влада донесе предлог, а ова Собрание го гласаше за промена на токму овие стапки на даноци во кои има намалување на даноците.Се воведе рамен данок и тоа е гестот на оваа Влада која сака да има поттикнуивање и развој воопштво на целото стопанство.Дали вам тоа ви допаѓа или не тоа е ваш личен проблем.Вие настапувате како полититичар вистината ја искривувате ја прикажувате во ваше светло, но тоа е ваша работа. Фактот е еден данокот на добивка од 15% е воведен на 10, персоналниот данок од 24 на 10%.Тоа е вистината дали вам ви се допаѓа или не тоа е ваша работа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, госпоѓице Секуловска, повелете.

**Мирјана Секуловска:** Благодарам, почитуван претседател, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Јас би сакала малку да подебатирам околу амандманот што го предлагаат почитуваните колеги, но веднаш на почетокот ќе кажам дека сметам дека амандманот не треба да се прифати бидејќи е надвор од економскитеа логика надвор од логиката на економските закони, посебно во сферата на инвестирањето.

Всушност овде за што станува збор. Стопанскиот субјект дали ќе одлучи да отвори истражувачка развојна единица или не е проценка на стопанскиот субјект. Доколку стопанскиот субјект направи студиозна анализа и врз основа на таа анализа констатира дека ќе му се исплати конституирањето истражувачка развојна единица,тогаш ќе инвестира во таа истражувачка

развојна единица и врз основа на тоа,значи трошоците односно бенафициите ис ги носи самиот стопански субјект. Во согласност со економските закони посебно во сферата на инвестирањето многу е јасно дефинирано дека еден стопански субјект, доколку се одлучи да има инвестиција, инвестицијата по дефиниција е нешто што се чувствува на подолг временски период тогаш самиот стопански субјект е тој кој што прави проценка и носи одлука менаџментот на стопанскиот субјект дали ќе инвестира во нешто или не. во зависност во тоа дали бенефициите се повисоки од трошоците за инвестирање.Според тоа не гледам тука причина да се воведува намалување на ДДВ и некои слични даночни олеснувања, бидејќи истите се земени во предвид во некои други законски проекти односно би дошло во колизоја со другите законски проекти кои се донесени.

Понатаму стопанскиот субјект мора да знае дали од инвестирањето ќе има поголема добивка која ќе оствари како резултат на тоа што она што значи истражување иона што значи технолошки развој и имплементирање на технолошкиот развој во своите процеси на работење на стопанскиот субјект дали ќе му обезбедат конкурентна предност на пазарот. Доколку обезбедат конкурентна предност на пазарот во тој случај одлуката ќе следи да се инвестира во истражување односно на технолошки развој. Сперед тоа, самата добивка што ќе ја оствари врз база на тој технолошки развој инегово имплемантирање значи дека стопанскиот субјакт има поголема добивка од трошоците и аналогно на тоа нема и аналогно на тоа нема причина зошто да се ослободува од даноците кои вие ги предлагате. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика за господинот Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Прво, јас не предлагам ослободувње од даноците туку реалоцирање. Значи, ако стопанскиот субјект има добивка еден дел кој ќе се реши да го инвестира во истражувачката дејност на своето претпријатие да биде искористен за таа цел односно тие средства да бидат искористени за таа цел. Државата може и на поинаков нажин, еве Владата се залага за поттикнување на технолошкиот развој, да и ја собере целата добивка и после на некоја стопанска организација ќе и даде дел од парите за истражување и развој? Нема тоа никогаш да се случи. Во пракса тоа е невозможно. Со тоа и со стариот закон беше возможно да се формира истражувачко развојна единица во стопанството, па никој не ја формираше од проста причина што немаа мотив за тоа. Идеата на овој закон е не да направиме законска рамка само да се овозможи формирање на такво нешто. Јас поинаку го сфатив тоа, да се стимулираат субјектие во овие пет форми на здружување, да направат такви форми на здружување, а ќе се стимулираат само со материјални средства. Порано беа позитивни примерите од ваквото работење, бидејќи беа други времиња каде беше возможно таква активност. Сега сите се откажани од развојни одделенија и единици. Немаат такви во својот состав, прават проста продукција на нешто што има, или купуваат лиценца. Сега овде постојната технологија која ја имаат да ја унапредуваат, да бидат конкурентни на пазарот, да издвојуваат еден дел, јас ќе им направам една можеби неумесна компарација. Имено зошто во Законот за високо образование средствата што ги прибира факултетот по однос на партиципација на студентите, во Законот наведовме дека барем 30% од тие средства треба а се одделат за студентите, за развој или подобрување на нивните услови, бидејќи факултетите не ги издвојуваат. Мораше со закон или со статут на Универзитетот да бидат принудени на такво нешто. Мора да ги стимулирате со нешто. Мора да се даде и сега ако државата има односно ако Владата има искрена намера во својата заложба треба тоа да се прифати.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓа Секуловска имате една минута контра реплика.

**Мирјана Секуловска:** Јас ја разбирам поентата на мојот колега Герамитчиоски, но јас сепак би сакала да потенцирам дека стопанските субјекти се во приватна сопственост. Значи одлуката останува на сопственикот на фирмата, на стопанскиот субјект, дали ќе инвестира во научно-истражувачка развојна единица, односно дали ќе вложи во технолошки развој во сопствената фирма. Од тој аспект тука државата не може да ги мотивира приватните стопанственици, бидејќи станува збор за приватен капитал. Сепак одлуката е на самиот сопственик на стопанскиот субјект.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, колеги и колешки пратеници, почитуван заменик министер, во член 15 од овој закон се вели - истражувачко развојна единица во стопанството е организирана инфраструктурно и кадровски опремена целина која придонесува кон зголемување на производите и извозните резултати на стопанството. Значи која придонесува кон зголемување на производните и извозните резултати на стопанството по пат на непосредно поврзување со науката и јакнење на партнерски истражувачки капацитет, јасно фокусирани врз решавање на конкретните проблеми од тековното работење на сопанството.

Понатаму се вели - истражувачко развојна единица во стопанството ќе се запише во регистерот ако има програма за работа, најмалку пет вработени од кои најмалку еден со научно звање и најмалку три магистри од соодветната област, простор и опрема за истражувачка работа и субјектот во чиј состав е истражувачката развојна единица, треба да е внесен во Централниот регистар.

Значи она што е предвидено во членот 15 всушност претставува се она што ние би сакале да го направиме во стопанството, да инвестира во технолошкиот развој и на тој начин да помогне за развојот на РМ. Значи она што е дополнително потребно стопанските субјекти да се одлучат на вако вчекор, значи да се одлучат да инвестираат и да направат партнерски однос со науката, да обезбедат простор и услови за работа и услови за иновирање, да вработат најмалку пет вработени од кои најмалку еден со научно звање и најмалку тројца магистри од дадената облат со што ќе придонесе за ангажирање на научниот кадар од РМ и да го стави во функција на технолошкиот развој, му треба дополнителен импулс од државата за да може да го направи тоа.

Она што е потребно е, доколку стопански субјект се одлучи на ваков чекор кој не е ни малку лесен, ниту пак е финансиски мал, а ефектите од него ќе бидат многу големи и во финансиска смисла и во смисла на вработување, најмалку што може државата да направи е да го ослободи од данокот на добивка во висина на износот кој ќе го инвестира за остварување на програмата за работа. Тоа е најмалку што државата може да го направи, да ги поттикне дури и оние стопански субјекти кои не размислувале за формирање на вакви истражувачки ценри, да го направат тоа, да го направат она што најголемиот дел од стопанските субјекти на европскиот пазар го прават и на тој начин стануваат по конкурентни. Да го направат она што ние како држава сакаме да обезбедиме, а тоа е нашите стопански субјекти да излегуваат и да инвестираат во РМ, со нови капацитети, кои ќе произлезат од овие истражувачки центри што ќе бидат во функција на стопанството и кои ќе го овозможат дури и поефикасно производството, поефикасно снабдување на пазарот, поефикасно работење на стопанските субјекти. Мислам дека е многу тешко да се набројат какви се позитивни ефекти може да произлезат од формирањето на вакви истражувачки субјекти.

Рамниот данок не е решение. Рамниот данок единствено овозможи поголемо богатење на богатуите, а уште повеќе осиромашување на сиромашните. Рамниот данок не овозможи стимул на стопанските субјекти да инвестираат повторно во РМ, заради тоа што дополнително ги оптеретивте со други даноци. Од една страна воведовте рамен данок под изговор дека буџетот ќе се полни и дека ќе биде лесно инвестирњето во РМ, од друга страна стопанските субјекти ги оптеретивте со други даноци кои дополнително го оптоварија нивното функционирање. Да го спомнам законот за регистрирање на фирми, зголемување на цената за регистрирање на фирмите, зголемување на данокот на деловен простор кој беше многу помал претходно, а сега на сосема поинаков начин се пресметува. Прашајте еден стопанственик дали е задоволен од сите даноци кои дополнително им ги натоваривте на грб, дали го чувствуваат она што до сега во изминатите 18 месеци беше направено.

Значи бенефит стопанскиот субјект ќе има доколку види дека средствата кои ќе ги инвестира во формирање на вакви истражувачки капацитети и на ваква истражувачка развојн а единица, наидуваат на разбирање од страна на државата и дека државата сериозно сака да ги поттикне домашните стопански субјекти да вложуваат во РМ и да придонесуваат за нејзиниот развој.

Намерно го прочитав на почетокот член 15 заради тоа што членот 15 во суштина кажува што се може како бенефит РМ да има доколку се формираат колку е можно повеќе вакви истражувачки развојни единици, најмалку вработени од научно истражувачкиот кадар. Ова е сосема во корелација со она што го зборував и претходно. Ние мораме да направиме колку е можно повеќе, да создадеме колку е можно повеќе услови научниот кадар да го задржуваме во РМ, научниот кадар своето знаење да го инвестира во развојот на РМ. Тоа е еден од механизмите. Ние не можеме да очекуваме, сите најдобри студенти, најдобриот научен кадар, сите таленти дека треба да бидат дел од високо образовните институции заради тоа што можеби тоа е нереално очекување.

Меѓутоа за оние кои што не успеваа да го направат тоа ние мора да најдеме механизми како да ги ангажираме во другите свери, преку проекти од ваков тип, преку вработување во вакви истражувачки развојни центри. Меѓутоа, особено младите научно-истражувачки кадри мора да знаат дека има начин, дека има некаква иднина за нив и дека има можности каде да го инвестираат своето знаење. Заради тоа што, барањето да бидат најмалку три магистри од соодветна област не мора неминовно да значи тие да бидат дел од некоја високо образовна институција, а знаеме дека имаме невработени такви кадри. Значи, мислам дека е прашање на волја, мислам дека единствено прашање на волја и на желба, мислам дека во Владата недоволно пресметале дека ова може да се одрази на нивниот рејтинг. Единствено што гледаме 18 месеци од страна на оваа Влада е повлекување на популистички потези кои траат неколку дена после објавување на чекорот, меѓутоа, без никаков реален ефект. Никој за овие 18 месеци до сега не почувствувал реален ефект од она што Владата толку бомбастично го најавува во секој сектор. Меѓутоа, ќе се задржам на овој, ниту еден стопански субјект не почувствувал дека Владата навистина сака да даде импулс и да создаде услови за инвестирање во Република Македонија. Единствено што почувствувале е дека Владата е подготвена да направи се за некој странски инвеститор да дојде и да им понуди услови кои што ги ставаат во нерамноправна позиција домашните стопански субјекти кои што исто така сакаат да инвестираат во Република Македонија. Ова ќе биде знак дека Владата сака да инвестира и да даде имплус во истражувачката работа која што може да

придонесе за технолошки развој на Република Македонија. Има такви држави во светот, државите во светот кои почнале со ваквата политика, меѓутоа кои што сметале дека тоа треба да биде сериозна стратегија на државата, отишле многу напред. Македонија има можност да го направи тоа, но прашање е дали оваа Влада има капацитет да ги распознае и дали е подготвена да работи на ваква стратегија. Дали е подготвена да ги покани стопанските субјекти, оние кои што имаат можност да го искористат овој член на Законот и да им каже дека е подготвена да им помогне во секој поглед за формирање на истражувачко равојни единици кои што понатаму како резултат на нивната работа ќе овозможат олеснување на стопанските субјекти и решавање на конкретни проблеми во стопанството. Е, тоа е инвестирање во иднината на Република Македонија. Тоа е барање на доведување на нови инвеститори. Новите инвеститори не неминовно мора да бидат од странство. Новите инветитори мора да ги бараме и во нашата држава. Нив ги има, меѓутоа ние направивме се да го отежниме нивното работење и да го оневозможиме нивното инвестирање во Република Македонија. Тоа е проблемот, заради тоа што Владата и премиерот Груевски мора да најде оправдување за патувачката мисија и патувачките авантури на Глигор Ташковиќ и Веле Самак, мора да најде оправдување за парите што им ги исплаќа за одржување на нивните имоти во странство, ние не сме ги виделе во Република Македонија, само слушаме од кој центар во светот се јавуваат, а ниедна инвестиција до сега не сме виделе. Еден милион долари требаше до 1 јуни тие странски инвестиции да дојдат вети Веле Самак и можеби за тоа не доаѓа на пратенички прашања, бидејќи нема што да каже. Треба да каже дека го излажал народот, дека ќе донесе инвестиции и дека заради тоа е оправдано неговото плаќање од страна на буџетот. Тоа нема да го видиме, меѓутоа за жал тоа се двата министри кои се едни од најомилените на премиерот Груевски и покрај тоа што заради тоа што нема никаков ефект од нивната работа мораше да организира патувачки караван под смешно име кое не сакам да го именувам сега, заедно со господинот Ставрески, за да се покаже колку е детерминираната Владата во барање на инвеститори. Намалете го данокот на добивка за стопански правни субјекти кои ќе сакаат да формираат истражувачка развојна единица, така ќе покажете дека навистина сакате инветиции во Република Македонија. Заради тоа што, инвестициите не се делат на странски и домашни. Инвестициите се калкулираат и нивниот ефект врз Република Македонија се базира на други параметри, каков ќе биде нивниот ефект врз Република Македонија, колкава е можноста за вработување на нови лица и каква ќе биде нивната перспектива понатаму за граѓаните на Република Македонија. Со ваквиот потег, уште еднаш ќе кажам кажувате дека 18 месеци не покажувате, потврдувате дека 18 месеци водите лицемерна политика во економијата и во градењето на можностите за инвестирање во Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Дерковски дали имате збор или реплика?

Значи, имате реплика, повелете вашите три минути.

**Оливер Деркоски:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, почитуван заменик министер,

Во неколкуте дисксии претходно беа спомнати некои работи кои што мислам дека треба малку да се дообјаснат, заради дополнително сфаќање на работите околу предлогот на амандманот од нашите колеги.

Владата на Република Македонија со предлогот за донесување на Буџетот за о.г. и предлозите за измените на законите за данокот од добивка и персоналниот данок, веќе усвои законско решение кое што на некој начин овозможува сета реинвестирана добивка на сите стопански субјекти во Република Македонија да се ослободи од плаќање на данок. Така што, мислам ова што колегите го предлагаат не држи место, бидејќи веќе со специјален закон е предвидено ослободување од данокот на добивката на реинвестираната добивка. Исто така, сакам да се осврнам на наводите на колешката Славица Грковска за даночната политика што ја води оваа Влада, затоа што спомна дека намалувајќи ги даночните стапки со воведувањето на рамниот данок практично на некој начин создадовме лажна една претстава за даночните обврзници и тоа воведувајќи им нови даноци, даночни давачки, што не е точно. Даночните стапки на основните даночни приходи во државниот буџет, данокот од добивка и персоналниот данок од доход покрај ДДВ драстично се намалија и сега се со рамна стапка од 10%. Меѓутоа, треба да се стави до знаење на јавноста дека секоја држава преку својата даночна политика треба да инсистира на зголемување на опфат на даночните обврзници односно постојано зголемување на бројот на даночни обврзници, нешто што постојано го прави оваа Влада, а треба и секоја наредна Влада на Република Македонија да го прави. Од тие причини не е добро да се замајува на некој начин јавноста со тоа дека се зголемиле односно се додале нови видови на даноци, затоа што не е точна. Единствената причина зошто се зголемени даночните приходи е зголемениот опфат на даночни обврзници, односно ставени се во ред оние даночни неплаќачи, кои подолг период на назад не си ги извршуваат своите даночни обврски кон државата, додека сега полека, полека се ставаат во ред и ги извршуваат своите даночни обврски односно си ги плаќаат давачките кон државата. Сакав само накратко да дадам објаснување, ја поздравуваме иницијативата, секоја иницијатива за ослободување од данок на активности во тој правец, меѓутоа, со специјален закон, Законот за данок од добивка веќе е утврдено ослободување

на даночна давачка од данокот на добивка за реинвестирана добивка. Благодаам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓо Грковска, претпоставувам имате контра реплика.

Повелете со вашите 60 секунди.

**Славица Грковска:** Сите аргументи и сите закони што сме ги донеле во изминатите 18 месеци зборуваат дека јас сум во право. Дека рамниот данок овозможи богатење на богатите, уште поголемо богатење на богатите, а уште поголемо осиромашување на сиромашните. Заради тоа што воведувањето на рамниот данок беше направено само за да се каже дека е исполнето едно од 100-те ветувања на Владата на премиерот Груевски. Меѓутоа, од друга страна го зголемивме данокот на имот, го зголемивме данокот за градежно земјитеште, го зголемивме данокот за комунални дејности, го зголемивме данокот за деловен простор и веќе не можам да се сетам на сите даноци кои што дополнително го оптоварија буџетот на сите граѓани. Јас не велам дека не треба да се зголеми опфатот на даночните обврзници, меѓутоа, тоа не е причината. Причината е енормното зголемување на сите останати даноци кои што го оптоварија Буџетот, а кои што сериозно ја нарушија куповната моќ на граѓаните во услови кога имаме зголемени цени на прехрамбените продукти.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓо Ташева, вие имате реплика на излагањето на госпоѓа Грковска, повелете, имате реплика од три минути.

**Виолета Ташева:** Благодарам претседателе.

Јас уште еднаш ќе се обидам на колешката и колегите кои го застапуваат амандманот да им укажам дека е беспредметно да се дискутира од причина што ќе цитирам дел "во остварување на програмата за работа го бараат овој амандман да биде усвоен". Јас ќе ја навратам колешката во законот во 4-тиот дел - Финансирање на дејноста член 24. Токму во него пишува желбата во која се искажува односно член во кој се искажува желбата, намерата и навистина заложбата на Владата да помогне во овие проекти и програми за технолошки развој каде што од претходниот закон ставката 30% сега се зголемува Министерството софинансира до 50% од вредноста на проектот програмата. Значи, не само даночната политика која е многу позитивна за помагање и поттикнување на технолошкиот развој на субјектите кои имаат организирано такви истражувачки единици, туку и софинансирање на овие програми. Во 50% поголемо ослободувањ и поттикнување вие никогаш не сте направиле, ниту сте покажале желба за поддршка на вакви програми. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете госпоѓо Грковска вашите 60 секунди.

**Славица Грковска:** Госпоѓо Ташева, вие мешата две сосема различни работи. Членот 24 се однесува за финансирање на проекти и на програма, што е сосема различно. Таму се вели дека Министерството софинансира до 50%, значи можат да бидат и 10, доколку останатите носители на проектот го обезбеди остатокот од средствата. Ние зборуваме за ослободување од данок на добивка на стопански субјект кој што ќе се одлучи да основа истражувачка развојна единица, а тоа е сосема различно, заради тоа што основањето на истражувачка развојна единица ќе овозможи вработување на најмалку пет кадри и тоа научни работници од Република Македонија. Ќе овозможи инвестирање на нивното знаење во функција на технолошкиот развој на Република Македонија и други можности кои што ги дава постоењето на таква истражувачка развојна единица. А, таква истражувачка развојна единица може да аплицира за проект на кој што државата ќе помогне до 50% софинансирање.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господин Тале Герамитчиоски има збор, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Се јавив повторно за збор, бидејќи навистина ми е жал што целата работа околу оваа идеа се вулгаризира. Значи ако има во Законот за буџет внесено одредба во која што сите кои што реинвестираат во својот развој ќе бидат ослободени од даноците во висина на тие средства е аргумент плус ова да стои тука. Значи имплементираме еден закон позитивен во овој закон, без кој што комплементарноста нема да биде застапена.

Ова кое што колешката го кажа е тотално различно од суштината на амандманот.

Прво, да претпоставиме дека стопанскиот субјект ќе си формира истражувачко развојна единица, ќе си донесат програма за работа во која што треба ако се усвои овој амандман да го дефинираат и Буџетот годишен за работа на таа истражувачко развојна единица, бидејќи се во централниот регистар и тие понатаму одговараат како правен субјект за реализација и на материјално финансиското работење на тој правен субјект. Сега, таму ќе бидат внесени тие средства неопходни и потребни. Што мислите вие, ако му дадат предлог на Министерството за образование и наука, дајте ни во однос на оваа програма 50% од средствата кои што ги пишува во овој член 24, ќе им бидат доделени? Ви се молам, таква ставка во Буџетот на Министерството за образование и наука нема. Има за развојни проекти и тие само можат да бидат финансирани со 50% и тие подлегнуваат по друга постапка која што е дефинирана во членови на Законот. Значи, ќе има конкурс, на конкурсот ќе се јават чинителите, субјектите, па потоа ќе се еваулираат од страна на анонимни рецензенски комисии кои што само Министерството за образование и наука ќе ги знае. Тоа се однесува на 50% од финансирањето. Доколку се однесува на цела програма за работа, Министерството за

образование и наука никогаш немаше да се согласи да го прифати ова кое што во Комисијата и претходно кулоарски го дискутиравме и го прифатија. Ова се однесува на проект на развоните програми, а на Програмата за работа доколку прифатиле, тогаш не ќе можат да планираат средства во својот буџет, бидејќи нема да можат да предвидат колку стопански субјекти ќе формираат истражувачко развојни единици со соодветни програми. Тогаш влегуваме во непознаница која што Министерството за образование и наука на слепо ќе треба да ја финансира. Ова не се однесува на тоа.

Тој член кој што го цитирвте се однесува за развојни проекти и програми кои што се дефинирани преку конкурсни услови од страна на Министерството за образование и наука. Овдека ако е точна заложбата на Владата и ако е веќе дефинирано треба да се имплементира данокот на добивка не го прикажува секој. Постојат форми и методи, па Владата ќе потроши средствата кои што ги прикажа како добивка. Се сеќавате ли на 20 декември 2007 година каква дебата овде водевме. За 20% Министерството за финансии, односно Владата прикажа поголема добивка од проектираната. Како ги потроши средствата, со одлука 45 милиони евра појдоа во ветар и ние не ги знаеме каде појдоа. Баравме од оваа говорница како пратеници да откриеме како може за седум дена Министерството за внатрешни работи, средствата кои што беа одземени од Министерството за одбрана а во година во која што влегуваме во НАТО и му беа одземени и му беа доделени на Министерство за внатрешни работи и не знаеме зошто. Ниту на затворена седница не сакаа да презентираат зошто. Дали тоа не е исто. Сега овдека очекувате дека стопански субјект кој што ќе прикаже добивка да не види ништо од таа добивка. Каде е реинвестирањето, каде е имплементацијата на Законот за буџет, почитуван колега ако има реинвестирање. Зошто, ова е реинвестирање. Во што друго ќе реинвестира. Има пет форми, а ова е само првата форма каде што самостојно можат да работат без научна институција. Сами да формираат свое одделение во кое што ќе ги подобрувате технолошките процеси до одредено ниво. Ако не успеат постојат четири други форми, три, четири форми кои што се наведени тука, во кои што можат со научна институција да формираат посебна организација која што ќе биде во централниот регистар внесена и тогаш по други услови ќе работат. Овде станува збор за самостојни истражувачки единици во рамките на постојниот стопански субјект. Очигледно е и ова е суштината на поттикнување на технолошки развој. Самиот закон се вика Законот за поттикнување и помагање на технолошки развој, а не Закон за технолошки развој. Каде е помагањето и поттикнувањето ви се молам ако не во давање на одредени бенефиции на субјектите да ги реализираат овие форми на здружување. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Господине Деркоски дали имате реплика?

Повелете со вашите три минути.

**Оливер Деркоски:** Претседателе. Морам да реплицирам, бидејќи колегата ме повика со прашање да одговорам.

Видете, јас се обидов да објаснам како се регулира оваа област. Данокот за добивка е утврден со специјален закон, лекспецијале, Закон за данокот од добивка. Во тој закон многу добро во некои од одредбите и членовите на тој закон утврдено е кога субјектите кои што учествуваат на пазарот, стопанските субјекти се ослободени од Данокот од добивка. Во еден од тие членови кажано е дека стопанските субјекти се ослободуваат во толкав, толкав процент до минатата година 50%, а од оваа година натаму целосно во одреден период рок на години, за сета реинвестирана добивка. Значи, нема потреба, едноставно нема потреба со други закони и да се утврдува тоа и да кажуваме после дека некој е против подпомагањето на технолошкиот развој итн. Стопанскиот субјект сам одлучува во кој правец ќе ја реинвестира добивката, односно дали ќе формира ваков некој тим кој што ќе го помага неговиот технолошки развој или ќе реинвестира во нова технологија купувајќи ја или ќе реинвестира во изградба на објекти кои што му се потребни. Не можеме ние едноставно да специјализираме во која насока, како. Затоа е дадено целосна можност со Законот за данок од добивка целата реинвестирана добивка да биде ослободена од плаќање на данокот на добивка. Тоа сакав да го објаснам и се надевав дека сум јасен овој пат.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Герамитчиоски со вашите 60 секунди.

**Тале Герамитчиоски:** Колегата не објасни ако се усвои овој амандман во кој одредби на тој закон лекспецијалис ќе се коси. Напротив овој закон станува комплементарен, значи има подлога веќе во Законот за Буџетот. И уште повеќе, ако стои тука, тогаш стопанските субјекти кои што ќе го читаат овој закон според кој ќе можат да го остварат своето право за формирање на истражувачко развојна единица да знаат дека се мотивирани според одредби кои не се косат со други одредби. Значи, ништо не сака за да го побијат предлогот на амандманот. Напротив, потврди дека амандманот треба да биде прифатен бидејќи не се коси ни со законските одредби, ниту со заложбите на Владата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине Кондарко имате збор.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван претседателе.

Вистина немав намера да се јавам за збор, да се вклучам во расправата, меѓутоа следејќи внимателно за цело време по оваа точка на дневен ред посебно по овој амандман она што го говори власта, односно пратениците на ВМРО-ДПМНЕ во одбрана на Владата, а против

амандманот предложен од СДСМ за ослободување на данокот од добивка во корист на инвестирање во научно истражувачка дејност ќе го кажам следново: загрижувачки е што преку аргументите изнесени во оваа расправа по повод овој амандман се гледа всушност генералната поразителна политика во економијата на ВМРО-ДПМНЕ, ако сакате и даночната политика. Преку ова се гледа, преку досегашната дискусија од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ се гледа всушност клучот, во што лежи клучот на неуспехот на економскиот препород ветен во програмата во сто чекори на ВМРО-ДПМНЕ, кој во меѓувреме овие две години после половина од мандатот на оваа ВМРО-вска Влада ја вратија Македонија економски назад, ја зголемија инфлацијата, ги зголемија бројот на невработените, ги намалија инвестициите. Значи, ништо од економски развој. Во меѓувреме се фалат дека со рамниот данок ги решиле проблемите. Не е така. Рамниот данок е само инструмент како оние што се богатат на лесен начин уште побрзо и подобро тоа да го прават. СДСМ сака тоа да го смени. Значи, богатењето на богатите да не биде на штета на оние обични граѓани кои чесно ги плаќаат своите граѓани кои тешко инвестираат и во истражувачка дејност и во производство итн. Очигледно на премиерот и на Владата на ВМРО-ДПМНЕ не му дошло и не му е битен развојот и не му битна истражувачката дејност. Не му се битни новите технологии итн.

Ако ова се фалбите на Владата на ВМРО-ДПМНЕ и на премиерот лично дека економијата посебно даночната политика и на министерот за финансии дека им се јаката страна, тогаш која им е слабата страна, односно која што остана за државата. Затоа што гледаме дека всушност, нема врска ни со економија, ни со развој, ни со инвестиции, ни со вработувања. Посебно не во даночната политика. Овие сто чекори, значат сто чекори назад. Овие сто чекори значат сто разочарувања од економската политика на ВМРО-ДПМНЕ. Кажете ми пример, никој не кажа кој ја реинвестира добивката. Вие се повикувате господа на лекспецијалис, на посебен закон, со кој велите дека од реинвестираното на реинвестираното ќе дадете даночно олеснување. Не. Ние сакаме обратно, да го ослободите данокот на добивка за да може со тоа да се направи реинвестиција. Како ќе стимулирате тогаш реинвестиција кога во стартот не го ослободувате стопанскиот субјект од тој данок, конкретно за амандманот за научно истражувачка дејност. И затоа велам дека ова е клучот на неуспехот на политиката и затоа велам тешко си на оваа држава ако економијата и даночната политика на Груевски, Ставрески и Славески им се јаката страна. Каде се инвестициите, освен се разбира во партиските и приватните џебови кои се нарекуваат криминал на оваа Влада и на поединци од ВМРО-ДПМНЕ. Каде му е бизнис климата со која му беше полна устата на премиерот додека беше во опозиција, посебно во даночната политика. Значи, рамниот данок не е решение. Посебно не е решение не само она што го говоревме сите за дополнително богатење на богатите за сметка на обичните граѓани, не е решение затоа што паралелно со тоа се воведоа неколку нови даноци кои дополнително ги оптеретуваа граѓаните на Република Македонија посебно стопанските субјкети. Значи, никој во Македонија не се пофалил дека плаќа помал данок или помалце данци. Јас сум за тоа да се зголеми опсегот на плаќање на редовно плаќање на даночните обврзници и тоа е добро за секоја држава. Меѓутоа, нема врска вашиот популизам и вашите лаги дека даноците се намалени. Опсегот на плаќање треба да се зголеми меѓутоа има воведено нови даноци и има зголемување реално на даноците. Тоа го нарушува бизнис амбиентот во оваа држава. Значи, бизнис амбиентот на Никола Груевски го нема. Го нема ни министерот за финансии пред камерите, бега од камерите, а бега од камерите затоа што има нови невработувања, затоа што потроши 20 милиони евра на сомнителен криминален начин, повеќето без тендери за рекламирање. Вие ни велите дека сме ги преспале некои ваши реформи овде во Собранието. Јас ќе ви кажам дека вие се уште сонувате прекриени со вашите портокалови очила, омилената боја на премиерот. Меѓутоа, рекламите не се реалниот живот. Јас не знам кој се уште верува во тие билборди на тие успани фаци на ВМРО-ДПМНЕ. Треба конечно да се разбудите од овој сон, затоа што и правите лошо на државата. Зошто, ако велите дека сте толку прогресивни во даночната политика и успешни, не го прифативте на пример предлогот и не сакате да го ставите на дневен ред законот на СДСМ во Собранието за намалување на ДДВ-то на енергенсите на нафтата и дериватите од 18 на 5%. Па да видите како сите цени ќе тргнат надолу. Вака, Славески бега од камерите, затоа што има поскапувања и секогаш тоа се објаснува дека е виновен некој друг, дека се виновни некои генерални трендови и процеси. Дека е виновна опозицијата и како опозиција. Како ВМРО да го оставиме конечно да направи нешто добро за Република Македонија. Сите се виновни, само Владата и премиерот се ок. Секогаш тие имаат изговор, или во минатото, или во сегашноста во опозицијата. Кога нешто е добро, тогаш самите се заслужни. Кога нешто не чини, тогаш виновен е некој друг или сите заедно. Таква политика веќе е продрена од граѓаните на Република Македонија. Продрена е затоа што цените се зголемени, проблем е затоа што никогаш инфлацијата не била поголема последниве 15 години во Република Македонија. Кој е заслужен за сето тоа?

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам држете се за амандманот.

**Борис Кондарко:** Опозицијата. Опозицијата ги поскапе цените, даноците, ја зголеми инфлацијата. Значи, господо од ВМРО-ДПМНЕ, можете да бегате од граѓаните, можете да бегате од камерите, меѓутоа, од одговорноста, а во

некои случаи и од правдата не можете да избегнете. Би благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Дерковски претпоставувам се јавувате за реплика. Три минути реплика, повелете.

**Оливер Дерковски:** Благодарам претседателе.

Ја разбирам нервозата кај колегите кај опозицијата тоа е нормално во оваа ситуацаија, меѓутоа воопшто не мислев дека портокаловата боја која што е обична боја ќе ги изнервира до толку, да почнуваат веќе да ја мразат како боја и се надевам дека во иднина ќе имаат малку попрефинет вкус во однос на боите.

Инаку, што се однесува до тоа даночна политика на Владата на Република Македонија, зголемување на даночните оптоварувања, на даночните обврзници во Република Македонија итн, не можеме преку вакви популистички говори да кажуваме за даноци и даночна политика. За даноци и даночна политика се зборува само преку бројки. А бројките не лажат. Не е исто 24%, 18%, 15% и 10%. Тоа на секому му е јасно. Заради тие причини не би сакал да навлегувам во дискусија со колегите од опозицијата. Сметам дека фактите, односно бројките доволно зборуваат, а исто така, доволно зборуваат само да се соберат податоците, од последната завршна сметка оваа година на стопанските субјекти во Република Македонија и пријавувањето на данокот од добивка за кој што претходно беше спомнат се фризираше завршната сметка, билансите вакви или онакви, беа, за да се изведе некоја позитивна нула, меѓутоа, сега самите стопански субјекти, очигледно немаат причина да кријат данок и затоа го пријавуваат и бидејќи даночното оптоварување е само 10%, логично е да го пријават, а со тоа се зголемува и приливот во Буџетот по основ на данок на добивка. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Кондарко имате една минута контра реплика.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Значи, уште еднаш ќе повторам. Никој не е против да се зајакне даночната дисциплина и да се почитуваат законите, да се зголеми опсегот на граѓаните и субјектите кои си го плаќаат данокот. Меѓутоа, ние сме против лошата даночна политика со која лажете дека се намалуваат даноците, а од друга стана велите дека граѓаните плаќаат помалку данок. Имате воведено нови даноци со кои им ја отежнувате ситуацијата и развојот на стопанските субјекти. На пример, данок на имот, да. И десетина други примери.

Инаку, што се однесува до боите, мислам дека не ви е баш соодветен начин да му се додворувате политички на премиерот преку истиот вкус за портокаловата боја.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Грозданов имате три минути реплика, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Јас ќе се обидам да реплицирам на господинот Кондарко, иако не беше во контекст на она што се очекуваше дека ќе зборува. Овде се однесуваше како можеби она старото време да се врати, да биде портпарол на СДСМ, но не е битно, тоа му е повторна желба. Јас ќе кажам дека никој овде не лаже, затоа што даноците се намалени секаде. Никаде немаме зголемување на даноците. Имаме намалување на даноците секаде, буквално секаде и доколку земеме стенограми ќе видиме дека и во изминатиот период кога ги намалувавме даноците на лекарствата, или кога воведувавме рамен данок и тогаш СДСМ скептички гледаше кон ова.

Господинот Трајко Славески укажуваше дека бенефит ќе имаат граѓаните и дека истовремено бенефит ќе има и државата, затоа што со намалувањето на даноците, секој граѓанин ќе може да го плати данокот, а исто така и државата ќе го зголеми процентот на прибирањето на средствата со наплатата на даноците.

Значи, дека лажеме, не лажеме, тоа можат да го видат сите граѓани и да го почуствуваат, но господинот Кондарко, најверојатно, се уште не ги разгледал ни стенограмите во она што беше во изминатото случување.

Ќе ја искористам оваа прилика да кажам дека излеговме надвор од темата и се зборуваше за тендери, за тендерски постапки. Јас ќе напомнам само господине Кондарко, она што е најактуелно во дадениот момент во Охрид е однесувањето на покривот од болницата во која што вашиот директор тогаш Бети Шапкар го избра најдобриот понудувач и денеска се случи по тој ветар што го имавме сабајле, целиот покрив од болницата да биде однесен. Дали некој ќе сноси одговорност за изборот на понудувачот, дали господине Кондарко ќе сноси некој одговорност доколку имаме проблеми во хируршките сали. Затоа, немојте да го замајувате народот дека вие кога сте биле на власт, сте правеле вистински избори и вистински тендери. Вие она што е законот не го почитувавте. Вие ни постапката за тендери не ја познававте, или не сакате да ја познавате воопшто. Работевте без тендери и со она што е прибирање на понуди. Така да, господине Кондарко немојте да зборувате за она што не држи, затоа што вие го направивте тој пропаст во македонското стопанство, вие направивте она што е пропастот во инвестициите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине Кондарко, вашите 60 секунди.

**Борис Кондарко:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега, ви наброивме да не се повторуваме неколку нови даноци што ги воведовте, односно неколку даноци, кои ги зголемивте. Така што, освен можеби членовите на ВМРО-ДПМНЕ, освен, членовите на фамилијата, ние немаме увид, не постои антикомупциска комисија, не постои независно јавно обвинителство и Министерството за

внатрешни работи. Ние немаме увид колку плаќаат од фамилијата и од членовите од раководството на ВМРО-ДПМНЕ давачки и даноци. Можеби за вас во вашите реклами и на мајките даноците се намалени, меѓутоа за обичните граѓани, тоа не е. И немојте вие да зборувате за тендери. Знаете како ги викаат од вашата влада. Минстер тендер, мистер нотендер.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

**Борис Кондарко:** Тендер до тендер, се е криминал.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Но пред тоа, ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во меѓувреме ги повикувам пратениците кои не се влезени во салата, да повелат да влезат во салата за да можеме да гласаме амандман.

Ги повикувам пратениците кои сеуште не влегле во салата, да влезат зошто не очекува гласање.

Ги повикувам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници во салата, за гласале 10, воздржани нема, против 52.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Јован Лазрев:** И овој амандман како и следните амандмани се однесуваат на иста проблематика, на даночни олеснувања.

Владата не го прифаќа овој амандмна.

Ги молам пратениците ако може да го повлечат овој амандман и другите, затоа што веќе два часа дискутираме по истата проблематика. Ќе дадат добар придонес до колку ги повлечат овие амандмани.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

За збор се јави господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Зошто да се повлечат амандманите кога можат да се прифатат. Може да се постави поинаква теза, кога во претходната дебата со ниту еден аргумент не посочивте зошто на стопанските субјекти да не им се даде мотивација да започнат со истражувачка работа која ќе биде во корист на стопанските субјекти и на државата во целост. Од една страна ни цитирате лекспецијалист за закон во кој законски е овозможено реинвестирањето да биде ослободено 100% од даночното олеснување од добивка, а од друга страна не сакате да прифатите тоа да се имплементира во овој закон кој ќе ни остане мртво слово на хартија и го доведува прашањето на наша поддршка, искрено да ви кажам, бидејки е половичен закон, затоа што не нуди имплементација, поддршка и поттикнување, туку е само закон за технолошки развој. Поддршка и поттикнување нема никаде.

Сега тоа е за втората институционална форма на иновациски центар.

Јас молам сериозно да се размисли која била улогата, во историјата, во блиското минатото, на стопанските убјекти во промоција на Република Македонија на интернационалните саеми каде сите награди и признанија ги собирале, на Меѓународниот саем на иновации ЕУРЕКА, кој во Брисел традиционално се изведува и секогаш се добивале прва, втора и трета награда. Значи биле гордост, ја промовирале Република Македонија како земја која има да понуди ум. Тоа е предноста која секоја држава би го посакала. Ирска која направила економски бум со својата развојна политика се потпирала на инвестирање во образованието и во науката и поттикнувала постојана иновација на постојните технолошки процеси, или изнаоѓање на нови производи со кои ќе стане извозник.

Ве молам, не сакам да бидам досаден, но како Македонија ќе привлече странски инвеститори. Што ќе понуди? Имаме ли ние капацитети, умствени потенцијали, етаблирани ли сме во иновативниот процес во кој можеме да дебатираме дали вреди да се поддржи или не вреди. Мислам дека треба малку добра волја за да се подржи ваквата идеја.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете госпоѓо Грковска имате збор.

**Славица Грковска:** Со амандманот се предлага инвестицискиот центар да биде ослободен од данокот на добивка стекната од секоја иновација во првите 5 години од нејзиното користење.

Сите оние кои барем малку се ...

Претседателе, мислам дека ќе се согласите дека најмалку имаме причина за организирање на журка во салата.

**Љубиша Георгиевски:** Се е во ред. Во право сте.

Ве молам за тишина.

Повелете госпоѓо Грковска.

**Славица Грковска:** Се надевам дека ваквата еуфорија од враќањето на ДПА во власта не значи дека министрите нема да поднесат информација каде исчезнаа во изминатиов период, затоа што меѓу другото и тие донеле одлука на Владата и министерот за образование, Рушити, пред да исчезне во непознат правец, не дал согласност на

дополнителен импулс на стопанските усбјекти кои основаат истражувачки развојни центри, да биде прифатен и да стане составен дел на законот и навистина законот да го оправда името што го носи, а тоа е закон за помагање и поттикнување на технолошки развој.

Сега ако тоа не беше прифатливо, тогаш мислам дека би требало да биде прифатливо барем секоја иновација која ќе придонесе за остварување на некаква добивка, да биде иновацискиот центар ослободен од неја во првите 5 години од нејзиното користење заради тоа што на тој начин ќе се овозможи директно помагање на технолошкиот развој и ќе се видат ефектите од таа иновација, Меѓутоа, бидејќи очигледно намерите не се искрени, очигледно се оди само на донесување на формален закон за поттикнување и помагање на технолошкиот развој, ние се доведуваме во ситуација да донесеме закон кој ќе има прилично технички карактер, кој нема да овозможи реално механизми за помагање и поттикнување на развојот, туку напротив законот кој, само ќе кажеме е еден од законите кој го носат знакчето на Европската унија, сме го донеле и ќе штиклираме дека уште еден од оние закони кои се од Националната програма за усогласување со европското законодавство, е донесен. Меѓутоа на тој начин нема да придонесеме за поттикнување и помагање на технолошкиот развој. Ние треба сериозно да инвестираме и да создадеме услови во промоција на иновациите кои ќе се направат во иновациските центри и на тој начин да овозможиме и отварање на нови работни местаи спречување на одливот на мозоци од Република Македонија. Не знам зошто е тоа смешно. За пратеничката група на ДПА, навистина не знам зошто е тоа смешно, или пак нивното напуштање и овој пат, на салата, е уште еден сигнал и дополнителен притисок на нивната чудна политика во изминатиот период. Меѓутоа се надевам дека тоа нема сериозно да се одрази врз мислењето на ВМРО-ДПМНЕ и нема да ги предомисли туку напротив ќе влијае на нивната свест за усвојување на овој амандман заради тоа што на тој начин ќе придонесат барем малку создавање на услови домашнит еинвеститори да инвестираат во Република Македонија заради тоа што ќе го сватат тоа како сигнал за поттикнување на технолошкиот развој и на нивните капацитети. Меѓутоа, за жал ваквото однесување ќе биде уште една потврда дека во изминатите 18 месеци сме сведоци на лицемерна политика на Владата на премиерот Груевски кој единствено е заинтересиран за својот рејтинг и за создавање на услови и богатење на неговата блиска околина, за сметка на сериозно создавање на услови за инвестирање во Република Македонија.

Јас сериозно се надевам дека премиерот Груевски ќе размисли за распишување на предвремени локални избори заради тоа што до колку ги чекаме редовните, апетите на некои пратеници ќе станат толку големи што нема да можеме да ги издржиме до тогаш нивните настапи и ќе немаме атмосфера за дебата во салата. Јас мислев дека вакво несериозно однесување имаме само од пратеничката група на ДПА, меѓутоа очигледно тоа е и од останатите пратеници од парламентарното мнозинство. Верувајте, имаме сериозен закон за разгледување.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Овде објавувам едночасовна пауза за ручек. Продолжуваме по паузата.

(Паузата е дадена во 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,11 часот)

**Благој Зашов:** Колеги пратеници, продолжуваме со работа.

За збор се јави госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Потпретседателе, јас сакам да го изразам своето незадоволство и својата разочараност што во оваа сала речиси нема пратеници од парламентарното мнозинство. Во оваа сала има вкупно пет пратеници од владеачката гарнитура, што јасно ја покажува заинтересираноста на Владата за носење на закони кои што го носат европското знакче, нешто за што 18 месеци ние повикуваме да биде приоритет, а наводно се прифаќа парламентарното мнозинство, за сега да се соочиме со еден ваков несериозен однос од неприсуствување на пратеници во салата. Уште повеќе што станува збор за сериозен закон доколку некој кој може тоа да го разбере, заради тоа што законот треба да понуди решение кое што може да го помага технолошкиот развој.

Амандманот за кој што сега дискутираме оди во таа насока, во насока на ослободување од данок на добивка на иновациските центри стекнати од секоја иновација во првите пет години од нејзиното користење. Иновацискиот центар е предвиден меѓу другото да биде една целина во која се искористуваат понудата на знаењата и побарувачката на пазарот преку апликација на нови знаења. Ние од една страна се соочуваме со кампањи од страна на Владата за тоа колку знаењето е моќ и колку треба да се инвестира во знаењето, а од друга страна се соочуваме со таква незаинтересираност од страна на владеачкото мн озинство, воопшто ниту да се вклучува во дебатата, ниту пак да се присуствува во салата. Паузата за ручек е поинтересна очигледно за пратениците од власта.

Заедно со истражувачко развојната единици во стопанството и Иновацискиот центар меѓу другото овозможува вработување на кадри со научно знаење, а тоа го зборував и за претходниот амандман, дека ваквите решенија се добри и овозможуваат ангажирање на научни кадри, магистри, на доктори на науки кои не се во делот ангажирани во високото образование и научните институти, значи не се дел од државните институции, туку напротив ќе отвори

простор за нови вработувања на научни кадри кои инвестирале во своето знаење, а од различни причини немале можност да бидат вработени во високото образование и во научните институции. Заради тоа како поттик на младиот научен кадар, уште повеќе на младиот научен кадар да го врземе да остане во Република Македонија преку проекти и преку инвестирање во иновациски проекти кои што ќе придонесат за развојот во оваа држава, ослободување од данок на добивка стекнато од секоја иновација во првите пет години од нејзиното користење, ќе биде стимул и ќе биде награда за научните кадри кои што ќе работат и ќе иновираат во функција на помагање и развивање на технолошкиот развој на Република Македонија.

Се надевам дека пратениците од власта ќе се соберат и за разлика од заменик министерот ќе го прифатат овој амандман, заради тоа што од овој амандман не може да се претрпи штета, туку напротив ќе даде дополнителен импулс и придонес за помагање и поттикнување на технолошкиот развој. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓице Грковска.

За збор се јави господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги, почитуван заменик министер,

Се јавив за збор по однос на овој амандман со цел да ја дадам својата поддршка околу идејата изнесена од колегите Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули, затоа што сметав дека е добра идеја и дека доколку има расположение меѓу колегите од парламентарното мнозинство може да се усвои и значително да го подобри текстот на законот и да се овозможи поквалитетно финансирање на иновацискиот развој односно на технолошкиот развој. Иако еден од главните проблеми на македонската економија за да може да оствари побрз развој е токму ниската продуктивност која сама по себе продуцира ниска конкурентност на македонските производи со ваквите закони основната цел и идеја заедно со наредниот закон е токму тоа според моето мислење односно да се создадат предуслови да се направат такви иновации кои што ќе овозможат во стопанството на Република Македонија да се подобрат технолошките процеси односно да се зголеми продуктивноста и на тој начин да се подобри конкурентноста на претпријатијата. Знаеме дека според последните извештаи Република Македонија падна во однос на конкурентноста на другите земји во регионот позади нас мислам дека се само Албанија, не сум сигурен за Босна и во однос на продуктивноста и навистина ако идејата за носењето на закони е токму тоа да се овозможи од нивната имплементација да се има и конкретни придобивки, навистина не ми е јасно зошто заменикот министер не го прифати овој амандман. Значи, со амандманот се предлага Иновацискиот центар да биде ослободен од данокот од добивка стекната од секоја иновација во првите пет години од нејзиното постоење. Значи, не се дава адхок можност Иновацискиот центар да биде ослободен само затоа што функционира како таков, туку од секоја иновација, значи веќе има конкретен проект, предмет кој што треба да биде основа за ослободување. Ценам дека ова нема да биде големо оптоварување за Буџетот на Република Македонија, а и знаеме дека министерот за финансии упорно не убедува дека остварувањата на приливите по основ на данокот за добивка се над проектираните и мислам дека дури за 40 до 50% се спомнуваше овде една сума, па сметам дека со еден ваков потег навистина ќе се овозможи и да се развие иновациската идеја, но и овие иновациски центри да добијат дополнителен мотив за својата работа, за да можат да привлечат што поголем број на иноватори со своите прокети, кои што потоа би ги реализирале и во праксата. Ценам дека тоа е една добра фискална мерка, бидејќи за жал нашата Влада од една страна не убедува дека даноците се намалени, но во пракса се покажува кога ќе дојдете да ги платите вкупните давачки дека се зголемени. Со оглед на тоа дека приливите се над очекувањата во Буџетот, барем така не убедуваат од Министерството, ценам дека овој амандман треба да се прифати и мислам дека во значителна мерка ќе овозможи законот да добие многу поквалитетно решение и иновациските центри навистина да бидат место каде што понудата на иновациски проекти ќе биде голема и на тој начин технолошкиот развој во Република Македонија да се зголемува. Дури и самата Влада во образложението односно во причините за донесување на Законот за поттикнување и помагање на технолошкиот развој констатира дека резултатите кои се остваруваат кај нас не се охрабрувачки од аспект на финансиската поддршка на државата за овие цели. Значи и Владата сама констатира дека малку средства се одвојуваат за подобрување на технолошкиот развој и за научно истражувачка дејност и навистина не гледам причина овој амандман да не се прифати, бидејќи ќе повторам не се работи за големи средства кои што би ја загрозиле фискалната страна односно приходната страна на Буџетот и не би придонеле за никакви проблеми.

Затоа, апелирам до колегите пратеници да го поддржат овој амандман. Благодарам.

**Благој Зашов:** И јас благодарам господине Николов.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Но, пред да преминеме на гласање јас би ги молел сите колеги кои се во околните сали да влезат во главната сала за да преминеме на гласање.

Исто така, ги молам координаторите на пратеничките групи да помогнат во обезбедувањето на кворум. Благодарам.

Колеги пратеници, продолжуваме со работа.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 60 колку што гласале за амандманот гласаа 12, против гласаа 48, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 16 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Отворам претрес по амандманот на член 17 за додавање нов став 3 по ставот 2, поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер. Повелете.

**Јован Лазарев:** Владата не го прифаќа овој амандман.

**Благој Зашов:** Владата не го прифаќа амандманот.

За збор се јави господин Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Амандманот е сличен како и претходните два. Значи, ослободувањето е од данок на добивка, јас не сакам да злоупотребам време. Кој што разбира што е центар на трансфер на технологии, ќе разбере, кој што не разбира џабе овде и три дена да дебатирам исто ми се фаќа, нема некое позначително поместување позитивно, нема разбирање. Јас го разбирам претставникот на Владата кој апсолутно се сложува со овие работи, но не е во можност да ги прифати. Се надевав на парламентарното мнозинство дека малку од малку ќе ги разбере работите со образложение. Ми пречи што се вулгализира целата работа и луѓето се обидоа преку ситни политички провокации да направат нешто на кое што не беше намерата кога се составуваше овој амандман и кога се поднесе, ниту пак дискусиите од моја страна беа насочени во таа насока. Не очекувам дека парламентарното мнозинство ќе има слух како во изминатите два пати залудно е да се зборува.

**Благој Зашов:** Благодарам господин Герамитчиоски.

За збор се јави господин Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван заменик министре, бидејќи овие амандмани се однесуваат, практично се слични зашто бараат дел од реинвестираната добивка да се врати или реинвестирање на добивката да се искористи во развојот на тие центри, да напоменам дека или за жал да констатирам дека Владата на ВМРО-ДПМНЕ се решава да поништи некои работи што се случувале во нашата држава. Една од тие работи е Националната стратегија за развој на информатичкото општество и Акциониот план кој ова Собрание едногласно го има донесено во изминатиот период, еден од ретките документи кој што може да се пофали дека е донесен со консензус во Собранието, без разлика на кој мандат зборуваме од 90-тите години наваму, можеби затоа што во неговата подготовка учествуваа многу експерти, меѓу другото од непартиски луѓе и многу експерти од сите политички партии. Тука, согласно тој Акционен план има посебни делови кои се однесуваат на истражувачките центри и институти, а посебно нагласени се центрите за трансфер на технологии. Заменикот министер знае за успешните центри за трансфер на технологии на неколку факултети и универзитети во Македонија, дали зборуваме за Машински факултет, на Електро имаше обиди, на Штул има еден сериозно добар центар за трансфер на технологии, на Техничкиот факултет во Битола исклучително добро исто така функционира. Во услови кога центрите за трансфер на технологии, како и сите претходни обиди што и овој закон во принцип треба да ни ги нуди, а тоа е намалување на невработеноста, запирање на одливот на мозоци, мора да дадеме механизми како да ги имплементираме, освен што обично ќе ги дефинираме во законот.

Значи, не е доволно да останат само слово на хартија во Законот, туку навистина, треба да им понудиме нешто што ќе се решат да влезат во еден таков проект.

Инаку центрите за трансфер на технологии да не зборувам за примерите од САД се исклучително познати кои што многу дале на светската наука, така да мораме освен законската мерка да понудиме едно решение кое што ќе ги привлече и ќе ги направи интерасни за сите.

Затоа, кога се подготвуваат законите добро е да имаме еден консензус поширок во овој случај и од Стопанската комора, од универзитетот, од асоцијацијата, тоа се однесува на информатичко комуникациските центри од масид, асоцијации кои што можат многу да придонесат и кои што се вистински партнер на она што треба да биде и да значи развој на технологијата, или развој на науката во Република Македонија. Се надевам дека имплементацијата на ова ќе бидеме сведоци како ќе се одвива, не сакам да дадам политички квалификации бидејќи согласно Законот три месеци се потребни за формирање на комисија, дали овој министер или друг ќе ја формира таа комисија не сакам за тоа да зборувам, но да апелирам дека и на една поширока подршка што треба да се добие. Тоа е добро бидејќи и пратениците технолошки се опремиле до одреден степен, на тивко, не знаат да го наместат, но тоа е веќе повисок степен на адвенс, користење на мобилните телефони.

**Благој Зашов:** Ве молам за тишина колеги.

**Јани Макрадули:** Затоа да се обидеме да ги убедиме пратениците од парламентарното мнозинство барем приближно на онаа која им се дава на странските компании кои наводно вложуваат во Македонија, кои целото производство ќе го извезат и многу малку пари, не знам кои пари ќе останат во РМ, од тие центри

или од тие фабрики на тие странски инвеститори што им нудиме. Со помош на овие центри на трансфер на технологија барем малку да им дадеме шанса на младите научни работници, на младите луѓе да не одат во други земји, да работат овде, да придонесат во развојот на нашата држава од која што. . .

**Благој Зашов**: Колеги ве молам да продолжиме со работа.

**Јани Макрадули:** Од кои што ќар може да има само Република Македонија.

Ако мислиме дека патриотизмот се гради со нарачани срипови тешко нас ни се пишува. Тука се гледа колку сме патриоти и колку си ја сакаме државата. Ајде на младите кадри кои што ја напуштаат нашата земја да им дадеме една шанса, да останат овде, да работат, трудот да им се вреднува, а ако имаат резултати, а јас во тоа сум убеден бидејќи јас повеќе им верувам на нашите луѓе кои се на нашите универзитети, а не на приучените луѓе кои ни доаѓаат од странство ќе украдат тука 100 илјади компјутери, потоа ќе треба по ФБИ да ги гониме затоа што имаат амрички пасош, да им дадеме шанса да работат во нашата држава. Научниот труд да им се вреднува во нашата држава и да им дадеме шанси да останат во нашата држава. Според мене тоа е патриотизам, а не лажниот патриотизам што го промовира ВМРО ДПМНЕ.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Макрадули.

За збор се јави госпоѓа Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе.

**Благој Зашов:** Се извинувам госпоѓа Поповска, имало реплика од госпоѓа Стефановска. Се исклучи, повелете госпоѓа Поповска.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе,

Почитуван заменик министер, почитувани колеги.

Мислам дека амандманот на колегите е во ред. Јас лично ќе го поддржам и искрено не знам зошто не се прифаќа од Владата. Можеби сум пропуштила дел од објаснувањето, па можеби би било добро заменик министерот да објасни зошто ваквиот приод не е прифатлив за Владата.

Мислам дека за науката треба да се обрне многу повеќе внимание, меѓутоа, вниманието најдобро се покажува преку одвоени средства и преку одвоена логистичка поддршка од страна на надлежните институции за развој на научно истражувачката мисла и технолошкиот развој.

Ова што го предлагаат колегие е нешто што во светот постои, што е покажно како подобра пракса, што почна на некој начин како идеа кај нас, меѓутоа никогаш не и се даде доволно можност.

Јас би го замолила заменик министерот ако може да објасни зошто ова не е прифатливо за Владата. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓа Поповска.

За збор се јави госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Со оглед на тоа што заменик министерот не се јави да одговори на прашањата поставени од пратеничката Поповска јас ќе продолжам со дилемите кои колешката ги наметна, бидејќи токму така и мислев да го концепирам и да го утврдам зошто Владата предводена од ВМРО ДПМНЕ не го прифаќа овој амандман.

Значи, конечно со неприфаќањето на овој амандман Владата на ВМРО ДПМНЕ иако заменик министерот не е од редот на ВМРО ДПМНЕ, како што не е впрочем и министерот за образование, токму ова разрешува неколку дилеми.

Колеги од владеачкото мнозинство, особено колеги од ВМРО ДПМНЕ ова конечно значи потврда дека даночната реформа и либералната даночна политика што толку многу ја заговарате и вие и претставниците на вашата извршна власт ви е класична фарса. Оаа Влада ветуваше дека ќе ги намали даноците и ќе спроведе либерална даночна политика.

Токму во овој амандман се бара Центарот за трансфер на технологии да биде ослободен од данокот на добивка за износот што ќе го стекнат со продавање на технологиите надвор од оваа земја.

Дојдовме и до втората поголема фарса, конечно на ВМРО ДПМНЕ тоа е, веќе заборавивме и да зборуваме, пред изборните ветувања содржани во оваа портокалова книшка биле една голема и строго наменска лага на ВМРО ДПМНЕ за освојување на власта.

Зошто е тоа така, господине Димовски, без да се возбудувате, доколку имате аргументи против спремна сум да ве сослушам, но ќе ве потсетам, бидејќи очигледно сте заборавиле на 81-ва страница ВМРО ДПМНЕ ветило поттикнување и помагање на науката преку даночната политика.

Господине Димовски лично ве прашував ќе го гласате ли овој амандман.. .

**Благој Зашов:** Ве молам немојте директно.

**Весна Бендевска:** За да потврдите дека ова не било шарена лага.

Господине Димовски, иако не сте завршен високо образовен кадар ќе ве прашам дали знаете дека на 82-та страница токму во прилог на овој амандман како претставник на ВМРО ДПМНЕ сте ветиле поддршка за соработка помеѓу научно истражувачките институции и стопанството.

Ако имате и еден аргумент против ве молам, навистина сакам да ја споделиме дебатата. Но, ова класично значи, јас не верувам дека заменикот министер особено во една вака делегитимна Влада се чувствува повикан да каже зошто е ова неприфатливо. Апсолутно не. Но токму од вас, благонадежните кадри на ВМРО ДПМНЕ очекувам објаснување на вашите веќе пропаднати ветувања. Тоа веќе конечно и на

секој граѓанин во Република Македонија му станува јасно. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Бендевска.

За реплика се јави госпоѓа Анета Стефановска, повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарам потпретседателе.

Почитувана колешке, госпоѓа Бендевска, како и секогаш мене не ме изненадува ваквата ваша дискусија, непродуктивна.

Вие се замарата цело време со нашата Влада, со ВМРО ДПМНЕ, имте и ноќни мори веројатно заради сето ова и многу жалам за сето тоа, меѓутоа, секогаш треба да сфатите дека ВМРО ДПМНЕ и Владата на Република Македонија го води патот на сите граѓани на Република Македонија таму каде што треба и наместо вие да правите политички говори тука, вие треба да се задржите на законот кој што го носиме и да дадете продуктивна работа во Собранието во својство на пратеник.

Јас тоа не го слушнав, и ниеден збор не слушнав ни за амандманот, ни околу законот нешто а продискутирате туку цело време во ноќната мора односно вашата ноќна мора е ВМРО ДПМНЕ и Владата. Многу жалам, Владата и понатаму ќе си тера и она што вашиот план ви се расипува постојано исто така многу жалам и мислам дека еднаш треба да престанете и да работите во интерес на граѓаните на Република Македонија. Малку да имате патриотско чувство. Во овие моменти треба да се занимавате со работата на Собранието и да одговорите на оние права и обврски што ви се дадени како пратеник во Собранието. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Стефановска.

Контра реплика има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Прво, да немаме дилеми. Колешката Стефановска вели нивната Влада. Претпоставувам Владата на ДПМНЕ. Вели го водела патот. Овде главно прашање е каде води патот и кон што води и граѓаните на Република Македонија и ние како пратеници сме сериозно загрижено.

Околу амандманот и околу законот госпоѓо Стефановска ниту го цитиравте називот на овој Предлог на закон, претпоставувам дека ниту знаете за кој закон станува збор а камо ли да сте го прочитале амандманот. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓа Бендевска.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно 58, колку што гласале, за амандманот гласале 11, воздржани 2, и против 45.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 17 за додавање нов став 3 по ставот 2 поднесен од пратениците Тале Герамитчиоски и Јани Макрадули.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1, поднесен од пратеникот Славица Грковска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за образование.

Повелете господине заменик минситер.

**Јован Лазаров:** Почитуван потпретседателе,

Овој амандман се однесува на член 18 каде што се предлага младите таленти, зборовите “младите таленти, претприемачи за остварување на целите на економскиот развој заснован врз нови технологии”, значи зборот “таленти” да се замени со “иноватори”.

Ние сметаме дека зборот таленти го содржи во себе зборот иноватори, меѓутоа обратно не. Иноватори не значи дека сите се таленти и од тие причини поимот што е ставен во законот е поширок поим и го содржи поимот кој што почитуваната пратеничка го предлага.

Од тие причини амандманот не го прифаќаме.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

За збор се јави госпоѓица Славица Грковска.

Повелете госпоѓо Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван заменик министер не можам да се согласам со вас дека иноваторите не се таленти. Меѓутоа, која е тенденцијата на законот и на овој член.

Ако имате веќе докажани млади иноватори тогаш тие би требало да бидат дел од научно технолошкиот парк. Тоа е тенденцијата. Вие од една страна одбивате да ангажирате дипломци со највисок просек да бидат ангажирани во проектите кои што ќе бидат предлагани за финансирање, а од друга страна тврдите дека треба да остане ова вака како што е напишано, а од друга страна тоа што е под наводници дека е поширока формулацијата.

Јас мислам дека нема да згрешите доколку го прифатите овој амандман, меѓутоа, сигурно не можете да го одбиете со образложение како што го дадовте.

Мислам дека амандманот треба да се прифати. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓа Грковска.

Колеги пратеници ако може за тишина, бидејќи не можам вака да продолжам со работа. Јас би молел да има тишина, бидејќи во ваква атмосфера не може да се работи.

Процедурално за збор се јави господинот Јани Макрадули.

Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе во име на пратеничката група барам еден час пауза заради ненормалните услови за работа во Собранието, каде што сакаме да придонесеме за работа и за кворум, ама нема никакви услови.

Мислам дека ќе се оладат сите глави и затоа барам еден час пауза во име на пратеничката група.

**Благој Зашов:** Господине Макрадули дали може половина час да направиме.

**Јани Макрадули:** Не зависи тоа од мене. Да ги наместите ринг-тоновите, па да тераме работа. На што личи ова. Барам еден час пауза, имам потреба.

**Благој Зашов:** Ценам дека е доволно половина час пауза за да се создаде атмосфера за работа.

Давам пауза од половина час.

Ги молам сите пратеници да се вратат по 30 минути во салата.

(Пауза од 15,50 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,50 часот)

**Благој Зашов:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат, како би пристапиле кон гласање.

Молам службите да пребројат колку пратеници имаме во салата, за да можеме да констатираме дали имаме кворум за работа.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници)

Колеги пратеници со оглед на тоа што нема доволен број пратеници во салата, а треба да гласаме овде ја прекинувам седницата и ќе продолжиме утре во 11,00 часот со истата точка. Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 16,55 часот)